# Pulmint tusik 600

Со шеќер и засладувач
Диететски производ,
додаток кон исхраната

## Прашок за перорална примена

**Просечна нето маса на една кесичка изнесува: 3 гр.**

| **Активни состојки:** | **100g. производ содржи** | **1 кесичка содржи** | **% НРВ*:** |
|---|---|---|---|
| **N- Acetilcistein** | **20.0 g.** | **0.6 g.** | / |
| **Сув екстракт на херба тимјан (Thymus vulgaris), (6-10:1)** | **2.67 g.** | **0.08 g.** | / |
| **Сув екстракт на прополис, стандардизиран на 12% вкупни полифеноли, изразени како галангин** | **1.67 g.** | **0.05 g.** | / |

*НРВ – нутритивната референтна вредност не е востановена

**Состојки:** декстроза, N-acetilcistein, арома на мандарина, сув екстракт на херба тимјан, сув екстракт на прополис, средство против згрудување: силициум-диоксид и магнезиум-стеарат, засладувач-ацесулфам К.

| **Нутритивни информации:** | **100 g. производ просечно содржи:** | **1 кесичка (3g.) просечно содржи:** |
|---|---|---|
| **Енергетска вредност (kJ/kcal** | 1564.7/368.3 | 46.94/11.05 |
| **Масти (g.)**<br>**-од кои заситени масни киселини (гр.)** | 0.5<br><0.2 | 0.015<br><0.001 |
| **Јаглени хидрати g.)**<br>**-од кои шеќери (g.)** | 80.8<br>73.3 | 2.42<br>2.20 |
| **Протеини (g.)** | 10.3 | 0.31 |
| **Сол (g.)** | <0.2 | <0.001 |

**Дејствување:**
**Pulmint Tusik 600** прашок за перорална примена формулиран е врз база на N-acetilcistein, сув екстракт од тимјан и стандардизиран екстракт од прополис. Активните принципи во производот покажуваат благотворно дејство кај продуктивната кашлица и тегоби проследени со воспаление на слузокожата на грлото и ждрелото.

**N-acetilcistein** (NAC) се користи како помош во третманот заболувања на горните и долни дишни патишта проследени со прекумерно лачење на секрет. Дејствува така што директно ја разложува густата слузава материја, со кинење на дисулфидните врски на мукопротеинот и на тој начин го олеснува искашлувањето и елиминацијата на секретот од белите дробови. Исфрлањето на слузта е мошне значајно бидејќи насобраниот секрет освен што го подобрува развојот на бактериските инфекции, значително ја пореметува респиратотната функција. Покрај тоа, истражувањата покажале дека манифестира и силна антиоксидативна активност, лесно продирајќи низ клеточните мембрани. N-ацетилцистеинот во клетката се деацетилува до Л-цистеин, аминокиселина која е прекурсор на глутатионот, главниот антиоксиданс во организмот. Благодарение на сопственото антиоксидативно дејство и улогата на прекурсор на глутатион, N -acetilcistein манифестира заштитен ефект на дишните патишта така што спречува настанување на оксидативни оштетувања.

**Прополисот** претставува природен производ што го собираат пчелите од пупките на тополата или четинарите и се користат за затворање на своите кошници, а тој благодарение на своите својства ги штити од нападите на различни микроорганизми. Во народната медицина веќе со векови се користи како средство за јакнење на имунитетот и како помош кај инфекциите од различно потекло, бидејќи е препознат како моќно природно антимикробно средство. Самиот прополис претставува смеса од преку 150 соединенија меѓу кои посебно значајни се флавоноидите, фенолите и терпените. Некои од позитивните ефекти на прополисот проучувани во клиничките студии се: антибактериско, антивирусно, антифунгално, антиоксидативно, имуномодулаторно и регенеративно својство. Покажано е дека флавоноидот манифестира антиканцерогено и антиоксидативно дејство.

**Тимјанот** (лат. Thymus vulgaris) своја примена наоѓа кај кашлицата и бронхитисот. Етерското масло и флавоноидите што ги содржи оваа билка манифестираат спазмолитички и антитусички ефект, истовремено поттикнувајќи ја секреторната активност на трепките епителата на дишните патишта и така доведуваат до олеснато искашлување на насобраниот секрет. Тимјанот покажува и антимикробна активност која подразбира елиминирање на значителниот број патогени бактерии и габи.

**Pulmint Tusik 600 прашокот содржи тимјан кој може да:**

- ✓ го помага искашлувањето
- ✓ дејствува смирувачки на грлото и ждрелото
- ✓ има антибактериска активност
- ✓ одржува нормален имунолошки систем

**Начин на употреба:** Возрасните и децата постари од 12 години: 1 кесичка дневно да се раствори во половина чаша вода (100 мл) и да се испие половина час пред или 2 часа после оброкот. Се препорачува примена веднаш по растворање на прашокот.

**Предупредување:** Препорачаната дневна доза не смее да се прекорачи. Пред употреба да се консултира доктор. Производот не се препорачува на лица пречувствителни на состојките на производот, на бремените жени, доилките и на деца помлади од 12 години. Во текот на употребата на препаратот врз база на N- acetilcistein потребно е да се зголеми внесувањето на течности. Лицата со хронични заболувања на црниот дроб, со камен во бубрезите не треба да користат диететски производи кои содржат N- acetilcistein. Можат да се јават алергиски реакции и пореметување на функционирањето на гастроинтестиналниот тракт. Не се препорачува истовремена примена со антитусиците. Во случај на орална примена на антибиотикот, се препорачува земање на антибиотик и ПулминтTusik 600 прашок во интервал од најмалку два саата.

**Напомени:** Додатоците кон исхраната не се замена за здрава и урамнотежена исхрана. Да се чува подалеку од дофатот на децата.

**Начин на чување:** Да се чува на температура до 30℃.

**Рок на употреба:** 3 години.

**Произведувач:** ЕСЕНСА д.о.о.
Вилине воде бб, Белград, Република Србија
**www.esensa.rs**

**Земја на потекло:** Република Србија

**Застапник, увозник и дистрибутер:** Септима дооел ул. Христо Татарчев 13 бр. 9, Скопје, Р.Македонија